Здружение на пензионери Битола

ул. Булевар 1-ви Мај 268, 7000 Битола • тел. 047 236 036
• e-mail: zdr_napenzioneribt@t.mk




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
## на Здружението на пензионери Битола
## за 2024 година

**Вовед**

Здружението на пензионери Битола во 2024 година, своите активности ги насочи за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа во 2024 година, во рамките на финансискиот план утврден за 2024 година и во согласнопст со одредбите на Законот за Здруженија и фондации и Статутот на Здружението.

Во текот на 2024 година ЗП - Битола преку свои преставници во СЗПМ учествуваше во работата за измени и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување во делот на определување минимална пензија, предлози и начини за зголемувањето на ниските пензии, измени и дполнувања на позитивната листа на лекови, укинување на партиципацијата за амбулантско и болничко лекување како и набавка на ортопедски помагала и др.

**Вложување во капитални објекти**

- 2024 год. ќе остани запаметена како година во која Здружението на пензионери направи голем чекор, со соптвени средства од пензионерите купија три деловни простории, кои се адаптира и наменија за клубови на пензионерите и со тоа целосно го исполнуваме нашето ветување дека во интерес на нашите членови, пензионерите, ќе отвориме три клубови каде ќе можат да го минуваат активно слободното време. Клубовите се наогаат:
- Првиот на ул. Анести Пановски бр. 15А Битола со 49 м2 корисна површина, вториот ул. 13-ти јули 2/22 со 38м2 и times ртиот на ул. Леринска бр. 47 Битола со 30м2.
- Санирана е оштетената сала за состаноци од земјотресот.
- Извршена е санација на оштетените делови со китирање бојадисување, на таванот и ѕидовите, променета електрична инсталација, промена на електричните светилки, набавена е поголема клима (инвертер) за затоплување.
- Саниран е таванот во салонот пред деловниот влез на вработените оштетен од земјотресот и прокиснување на вода.
- Опремени се трите нови клубови се грејни тела, маси столици и телевизори.
- Во гарсоњера на ул. Булевар 1ви мај бр. 268/60 заменета е одводна инсталација (гусена цевка со пластчна цевка) на вертикалата од одводната инсталација и санирање на таванот во гарсоњерата.

**Хуманитарни и социјални активности**

- Во согласност со Правила за доделување на хуманитарна помош и Одлуката на Извршниот одбор одобрени беа 1000 ваучери на пензионери со ниски пензии до 14.000,00 ден., по повод Новогодишните и Божиќните празници, од кои 525 ваучери се поделени во 2023 год, а 475 беа поделени во 2024 год.
- Со помош на ОО „Црвен Крст“ Битола и претседателите на месните ограноци, беа додели 315 пакети со прехрамбени производи, по повод Верските празници Велигден и Рамазан за пензионери со ниски пензии од урбаните и руралните месни ограноци.
- Здружението на пензионери од Битола со секцијата на жени на штитениците сместени во хосписот за термална нега „Сју Рајдер“ Битола им беа донирани овошје и домашни вкусни пекарски производи изработени од вредните раце на пензионерките од Битола и пензионерките од Новаци.
- При набавка на огревно дрво за пензионерите Здружението во 2024 год. посредуваше во 2024 год и успешно реализира набавка на 6000 метра просторни и 3211 вреќи со пелети, до 30-ти септември, согласно договорите со превозниците дрвата и пелетите беа доставени до домовите на пензионерите. Оваа можност ја искористија 1600 пензионери. Плаќањето се вршеше на 5 рати.
- Здружението на пензионери посредуваше и при набавка на прехрамбени продукти месо (свински полутки) по пониска цена со плаќање на повеќе рати. Набавени беа 700 свински половинки.

- Во 2024 год. согласно Правилникот за критериуми и постапка за давање на стан, гарсењера под закуп, по предлог на Комисијата за стан и станбени прашања доделени беа три гарсоњери со кое на тројца пензионери со ниски пензии им беше решено станбеното прашање.
- На ученици од Центарот за поддршка на учењето на деца со попреченост во Основното училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола по повод Новогодишните и Божиќните празници им беа доделени новогодишни пакетчиња со училишен прибор, на кој им е потребен за полесно да ја совладаат наставта.

**<u>Активности од здраството и здраствената дејност</u>**

- Согласно програмата за работа во 2024 год. ЗП продолжи со договорите со двете Битолски лабаратории за испитување на крвна слика со три параметри (триглицериди, холестерол и гликемија) како и мерење на крвен притисок. Оваа услуга ја искористија 2891 пензионер.
- По повод одбележувањето на на „7ми април“ Светскиот ден на здравјето под мотото „Моето здравје, мое право“.Здружението на пензионери, „ЈЗУ Центар за јавно здравје“ Битола во соработка со ОО „Црвен Крст“ Битола, организира бесплатно мерење на шеќер во крвта. Оваа можност ја искористија 252 пензионери. Со повисока вредност на гликемија во крвта беше регистрирано кај 10% од испитаните пензионери.
- Здружението на пензионери Битола аплицираше по програмата за Еднакви можности на Општина Битола за 2024 година со проектот „Информирај се биди здрав“ беа добиени 30.000,00 ден. за реализација на овај проект. Во текот на 2024 год се одржа само една работилница на тема „Крвниот притисок - тивок убиец“ со лекар интернист специјалист кардиолог. Другите работилници ќе се одржат во 2025 год. од причина што покасно беа добиени финансиските средствата, (по одржувањето на парламентарните избори 2024 год.)
- Согласно Правилникот за организација за здраство и здраствена заштита на корисниците на пензија, пензионерите имаа право на паричен надоместок за потешки утврдени дијагнози и операции предвидени во овај правилник, како и висината на пензијата, комисијата за здраство донесе 39 позитивни решенија, за кои добија парична помош.

**<u>Спорт и спортски активности</u>**

Успешни домакини бевме во организацијата во реализацијата на XXVlll регионалните спортски игри заедно со Комисијата за спорт. Учествуваа Здруженијата на пензионери на од Битола, Прилеп, Крушево, Д.Хисар и Ресен со 177 спортисти пензионери во 11 спортски дисциплини.

Битола освои 5 први места:

- трчање на 80м. мажи до 60 год.
- трчање на 80 м. мажи над 60 год.
- Шах мажи
- Пикадо мажи
- Домино мажи.

Спортистите кои освоија први места на Регионалните спортски игри се пласираја да настапат на Републичките спортски игри.

Во Скопје се одржаа XXVIII Републички спртски игри на пензионерите организирани од СЗПМ.

Здружението на пензионери Битола учествуваше со 10 спрортисти и 1 судија. Освоените беа 2 први места, кои се закитија со златни медаљи, во следните дисциплини:

- трчање на 80м. мажи до 60 год.
- домино мажи

Второ место освоија:

- трчање на 80 метри мажи над 60 год.

**Културно забавниот живот на пензионерите**

- Во 2024 година целосно се реализираа планираните програмски активности за еднодневните пролетни и есенски екскурзиии кои ги организираа претседателите на месните ограноци. 3000 пензионери ги искоритија рекреативните прошетки низ Република Северна Македонија
- Една од програмските активности на Здруженијата е и оргаизирање на музички и фолклорни активности.
- Во 2024 година бевме бевме домаќини на 22 - та Регионалната ревија на песни, музика и игри под покровителство на СЗПМ.
- Успешно организирана и реализирана од страна на ЗП Битола и Комисијата за културно забавен живот, каде се слушнаа песни, изиграа ора од страна на учесниците пензионери од 7-от регион, кои преставуваа вистински празник на народниот мелос, потврдивме и покажавме дека ја негуваме македонската етно традиција, музичко творештво и нашата културна ризница и потсетиме дека фолклорот ја шири љубовта, обединува и зближува.
- На оваа манифестацоија ЗП Битола се претстави со пеачката група „Сирма Војвода" која забележа голем успех и се пласира за учество на Републичката ревија на песни, музика и игри која се одржа во Скопје.
- На манифестацијата Републичките песни музика и игри „Сирма Војвода" со својот настап успешно се претстави.
- Здружението на пензионери Битола со Пеачката група „Сирма Војвода" учествуваше на шесттиот меѓународен фестивал на хорови и пеачки групи во Куманово. Забележаа голем успех со изведбите на 4 македонски народни песни на огромно задоволство на публиката.
- Претставници од Здружинието на пензионери Битола, заедно со пеачката група „Сирма Војвода" со пригодна свечаност од песни и музика им го честитаа празникот на пензионерите 20 - ти септрмври на пензионерите сместени во Домот за стари лица „Сју Рајдер" Битола, со желба за добро здравје и среќен живот.
- Пеачката група „Сирма Војвода" во текот на цела година не претставуваше на традиционалните манифестации кои се организираа во Општина Битола, како „Илинденските денови", „Локумфест" одржа концерт во дом за стари лица „ Сју рајдер" Битола.
- По повод меѓународниот ден за правата на децата под мотото „Недела на детето" во пријатна атмосвера пеачката група им одржа концерт на децата од детската градика „Естреа Овадја Мара" од Битола.
- По повод празникот на Општина Битола „4-ти Ноември" пеачката група „Сирма Војвода" одржа свечан концерт на децата од градинката „Коца Василева".
- Пеачката група Сирма Војвода учествуваше во Старата чаршија со свои старроградски песни по повод Новогодишните и Божикните празници.

**Други активности**

- Отсекот за превенција при СВР БИТОЛА заедно со Полициската станица Битола на пензионерите од ЗП Битола им одржаа едукативна работилница за семејното насилство под мотото. „Секој има право на живот без насилство", покрај едукативно – информативниот карактер, целта на активноста беше заштита и спречување, односно намалување на бројот на секаков вид на семејно насилство. Полицијата е секогаш со вас доколку се охрабрете и случајот го пријавете.
- Во соработка НВО Економски културен епицентар ЕКЕ Битола и здружението, и поради големиот интерес на пензионерите одржани беа две едукативни работилници посветени на Медиумска писменост. Целта на оваа работилници беше да се едуцираат учесниците за важноста за медиумска писменост преку вежби и конкретни примери. На работилницата, учесниците имаа можност да научат како да разликуваат веродостојни информации од лажни вести на интернет. Преку активности и дискусии, се истакнаа

клучните карактеристики на медиумската писменост како што се критичкото размислување, проверка на изворите и разбирање на различните типови на измами кои можат да ги засегнат.

- Во 2024 год соработка со полицијата и Здружениео на пензионери продолжи на тема „ПРЕВЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНО ЛЕТО“.
- На средбата со пензионерите, во непосредна комуникација со нив им беше укажано на мерките за заштита и самозаштита од разбојништва, кражби, џебни и дрски кражби, измами при лажни сообраќајни незгоди кои измамниците ги прават преку телефонска комуникација и други важни совети кои ќе им користат на повозрасната и ранлива категорија граѓани за истите да се самозаштитат.
- Оргаризирана беше пригодна прослава по повод „8 - ми март“ меѓународниот Ден на жената, каде беа доделени благодарници на најактивните жени од ограноците Новаци и Битола.

**<u>Секцијата на жени</u>**

- По повод празникот Православна Стара Нова година Секцијата на жени од Здружението на пензионери Битола, организираше традиционална забава со вртење на мазник со пара.
- Секцијата на жени организираше посета на старите лица сместени во хосписот Јавната установа за стари лица „Сју Рајдер“ Битола, на кои им донираше овошје и домашни пекарски производи изработени од вредните раце на пензионерките од Битола и МО Новаци .
- Секцијата на жени учествуваше на организираниот натпреварувачки настан „Баницата на баба“ во Македонска Каменица каде освоија второ место.
- По повод празникот „Св. Тифун“ секцијата на жени организираше посета на винаријата „Вила Марија“ Демир Капија под мотото „Во љубовта е убавината, во виното е вистината“.
- На 14.03.2024 год. Секцијата на жени учествуваше со подготвени домашни слатки производи на манифестацијата „Блакцето на бабата“ во Росоман по покана од секцијата на жени од Велес.
- По повод манифестацијата „Зелникот на баба“ кој се одржа во Пробиштип и имаше хуманитарен карактер Секцијата на жени настапи со свои производи, а собраните финансиски средства беа донирани за хуманитарни цели.
- Прослава со „Баницата на баба“ организирана од Здружението на пензионери Македонска Каменица.
- Празникот на Општина Битола „4ти Ноември“ Секцијата на жени го одбележа со скромна забава.
- Под мотото „Од пензионерите за пензионерите“ по повод Новогодишните празници, секцијата на жени организираше хуманитарна акција. Од собраните финансиски средства беа подготвени кеси со прехрамбени производи, кои им беа доделени на осамени пензионери и пензионери со ниски примања.

**<u>II Собрание на Здружението на пензионери Битола</u>**

Во текот на извештајниот период Собранието одржа 4 редовни седници

- Извештајот за работата на Здружението за 2023 год.
- Извештај од пописната комисија за 2023 год.
- Завршната сметка за 2023 год.
- Извештај за работата на Надзорниот одбор за 2023 година
- Одлука за утврдување на потребата и купување на деловен простор за пензионерски клубови
- Одлука измена на акт за основање Статут
- Полугодишен извештај за финансиското работење на здружението за период од 01.01.2024- 30.06.2024 година
- Програма за работа на Здружението на пензионери Битола за 2025 година
- Финансов план на Зружението на пензионери Битола за 2025 година.

- Програма за работа на Надзорниот одбор за 2025год.

**III Извршен одбор на Здружението на пензионери Битола**

Извршниот одбор во текот на извештајниот период одржа 12 седници на кои се разгледувани прашања од тековното работење на Здружението како што се

- Одлука за утврдување на потребата од купување на деловен простор за пензионерски клубови
- Разгледување на извештајот од работата на пописната комисија
- Одлука за запишување на огревно дрво и пелети за 2024 год.
- Одлука за прифаќање на организацијата на 22 - рата регионална ревија на песни, музика и игри 2024 година
- Одлука за распишување на оглас за стан (гарсоњера)
- Одлука за набавка 3 м.пр огревно дрво за клубот во М.О. Буково
- Разгледување на извештајот за работа на ЗП - Битола за 2023 год.
- Разгледување на годишниот финансиски извештај на ЗП - Бтола за 2023 год.
- Одлуки за покривање на трошоци
- Одлука за купување на деловни простори за пензионерски клубови
- Одлука за продолжување на договорот за закуп бр.03-24 од 09.02.2009 год. продолжен со Одлука бр. 02-22/9-3 од 11.02.2019 год. со ДОО „Папараци“
- Одлука за одобрување за склучување на договор за орочување на средства со Уни банка
- Одлука за делумно опремување на пензионерскиот клуб во с. Породин
- Одлука за доделување на средства на гимназија „Јосип Броз Тито“ - Битола
- Одлука за органзрање на пролетни екскурзии
- Одлука за реконструкција на скали во клуб на ул. Анести Пановски бр. 15А
- Одлука за набавка на спортска опрема
- Одлука за набавка на 3 мп.р огревно дрво за клуб во с. Породин
- Одлука за внатрешно уреување во клуб на ул. Анести Пановски бр. 15А
- Одлука за внатрешно уредување во клуб на ул. Леринска бр. 47
- Одлука за прифаќање на организацијата на 28 - мите Регионални пензионерски спортски игри 2024 година
- Одлука за набавка на спортска опрема – маици
- Одлука за учество на Меѓународен и регионален фестивал на хорови во Куманово
- Одлука за обезбедување на средства за исплата на регрес за годишен одмор за вработените во Стручната служба
- Утврдување на Нацрт – статутарната одлука за усогласување, изменување и дополнување на Статутот на ЗП – Битола со Статутот на СЗПМ
- Одлука за внатрешно уредување во клубови на ул. Анести Пановски бр. 15А, ул. Леринска бр. 47 и ул. „13 јули“ бр. 2/22
- Одлука за покривање на трошоци за Регионалните спортски игри 2024 г.
- Одлука за доделување на парични средства на Танцовиот спортски клуб „Степ Ап“
- Одлука за одобрување на барањето за „Лига за борба против ракот“
- Одлука за утврдување на Предлог Статут на ЗП - Битола
- Разгледување на полугодишниот финансов извештај од 01.01.2024 до 30.06.2024 год. на ЗП – Битола
- Одука за одобрување на месечен надоместок за одговорни пензионери на клубови
- Олдука за одобрување реконструкција на деловнот простор на ЗП–Битола
- Одлука за организирање на есенски екскурзии
- Олдука за изедначување на платата на вработените во стручната служба на ЗП – Битола согласно Правилникот за систематизација на работни места и Колективниот договор за здруженија и фондации

- Одлука за исплата на спортисти за освоено I, II и III место на 28мите Републички пензонерски игри
- Одлука за склучување на договор со диригент на групата „Сирма Војвода“
- Разгледување на Одлуката за утврдување единствени критеруми за матерјално – финансиско работење во здруженијата на пензионери и Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на висината на надоместоците на членовите на органите, комисиите и одборите на месните ограноци бр. 0202 - 272/2/2 од 19.09.2022год.
- Разгледување на констатациите и заклучоците од ИО на СЗПМ како и Солидарниот фонд како организирана пензионерска солидарност
- Одлука за избор на претставник на ЗП – Битола во Собранието на СЗПМ
- Одлука за пишување на свински половинки
- Одлука за промена на електрична инсталација во големата сала
- Одлука за утврдување на Програмата за работа на ЗП – Битола за 2025 год.
- Одлука за утврдување на Финансискиот план на ЗП – Битола за 2025 год.
- Одлука за утврдување на Програмата за работа на Надзорниот Одбор на ЗП – Битола за 2025 год.
- Одлука за набавка на рекламен материјал за Новогодишните празници и Божикните празници
- Одлука за формирање на пописна комисија
- Одлука за определување касов максимум за 2025 г.
- Правила за измени и дополненија за начинот, условите и критериумите за доделување на хуманитарна помош на пензионери со ниски примања во семејството
- Правлник за измени и дополнувања на Правилникот за организација и работа на комисијата за здравство и здравствена заштита на корисниците на пензија
- Одлука за орочување на денарски средства
- Одлука за доделување на новогодишни пакетчиња на ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола

**<u>IV Надзорен Одбор</u>**

Во текот на извештајниот период Надзорниот одбор одржа 3 седници на кои што ги разгледуваше:

- Завршната сметка за 2023година и извештајот од пописната комисија за 2023 год.
- Полугодишниот финансов извештај на здружението за 2024 година
- Програма за работа на Извршниот одбор за 2025 год.
- Финансискиот план за 2025 година.
- Целокупното материјално финансиско работење за 2024 година на органите и телата на здружението.

**<u>V Комисии</u>**

- **Комисијата за стандард и снабдување**
  Оваа комисија одржа 3 седници, согласно статутот на ЗП ги разглдуваше поголемите набавки за набавка на трите деловни објекти наменети за пензионерски клубови и нивната реконструкција, за прехрамбените производи, спортската опрема рекламниот материјал и други набавки кои се извршија во 2024 година.
- **Комисијата за здравство**
  Оваа комисија одржа 8 седници на кои разгледуваше барања за доделување на парична помош на болни и оперирани пензионери од потешки болести кои согласно Правилникот имаа право на еднократен паричен надоместок. Оваа година Комисијата додели парична помош на 39 пензионери .
- **Комисијата за забава и култура**
  Оваа комисија одржа 2 седници и активно се вклучи во организација и реализација на Културно забавните манифестациии за Регионалната ревија на

песни и игри која се одржа во Битола, под покровителство на СЗПМ како и на Републичката ревија на песни и игри која се одржа во Скопје.

- **Комисијата за стан и станбени прашања**
  Оваа комисија одржа 7 седници, согласно статутот на ЗП ги разглдуваше молбите кои пристигнаа до ЗП – Битола за испразнетите 3 станови на ул. Булевар 1ви Мај бр. 268, каде беа сместени тројца нови пензонери.
- **Комисијата за соработка со други здруженија од Р.С. Македонија и надвор од земјата** успешно реализира посета на збратименото здружение во Врање за нивниот празник св. Преображение.

**VI Стручна служба**

Стручна служба на ЗП - Битола, во извештајниот период ги извршуваше редовните работи предвидени со Статутот и програмата за работа на Здружението за 2024 година, како што се: извршување на финансиски - книговодствени работи на Здружението, нормативната и административно - техничката работа на Здружението, водење на записници од седниците на органите и телата на Здружението, архивирање на документација и други активности.

Февруари, 2025 година

Претседател на
Собранието

Вера Ѓоршевска